Во организација на Секретаријатот за европски прашања и норвешката билатерална помош, проектот НОРМАК на **3. 03. 2010** година во хотелот Холидеј Ин во Скопје се одржа семинар посветен на Програмата Култура 2007 – 2013 на ЕУ на тема: ***Како да се подготви проект финансиран од фондовите на ЕУ кои поддржуваат меѓународна соработка.*** Семинарот организациски и финаниски беше поддржан од СЕП и НОРМАК а програмата беше конципирана од страна на Културно контактната точка на Македонија и Културно контактната точка на Норвешка. Семинарот беше наменет за корисниците на Програмата Култура, односно за културните оператори во РМ, претставници на националните, локалните институции од областа на културата и НВО.

Семинарот со воведни обраќања го отворија: **Заменикот –председател на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања г-дин др- Васко Наумовски, Заменикот министер за култура г-дин Драган Недељковиќ, актуелниот амбасадор на Кралството Норвешка во Скопје г-дин Кјетил Паулсен, како и претставникот на проектот НОРМАК –норвешка финансиска помош за проекти г-ца Арнесен Елен Ронинг од Норвешка.**

На семинарот во својство на презентери учествуваа: **проект менаџерите на Културно контактните точки на Кралството Норвешка и Р. Македонија, Астрид Бјерке и Билјана Прентоска.**

Преку генералната презентација на Билјана Прентоска од Културно контактната точка на РМ културните оператори имаа можност да се запознаат со историјатот на програмата, актуелната имплементација на Европската агенда за култура ( првата стратегија за култура на ЕУ) и генералните специфики на трите компоненти на Програмата. Подетално преку презентација на критериумите и процедурите за аплицирање беше преставена Компонентата 1 ( проекти за соработка ). На претставниците им беше претставен и методот на функционирање на мрежата на Културно контактните точки, користењето на базите за барање на партнери, важноста од партнерска соработка со културните оператори од Европа и пошироко и важноста од вклучување во европските мрежи за култура.

Астрид Бјерке, проект менаџер на Културно котнактната точка на Кралството Норвешка најнапред ја претстави функцијата и работната програма на ККТ Норвешка како дел од Норвешкиот совет за уметност од Осло, кој фунционира како независно тело, финансирано од Министерството за култура на Норвешка. Функционирањето на Советот за уметност и функционирањето на културниот сектор во Норвешка, вклучувајќи ги и моделите на финансирање исто така беа значаен дел од презентацијата на ККТ Норвешка. Истовремено преку успешните проеки поддржани од Програмата Култура беше преставено и норвешкото искуство со Програмата. Културните оператори од Македонија и Норвешка немаат традиција на меѓусебна соработка. Целта на семинарот беше да се иницираат можности за понатамошна соработка во културниот сектор меѓу овие две земји, на билатерално ниво или пак во рамки на мултилатерални проекти подготвени за Програмата Култура на ЕУ

Со цел да се доближи до учесниците на семинарот искуството на корисниците на Програмата Култура, Билјана Тануровска-Ќулавковски од НВО Локомотива и Татјана Блажовска од НВО АММС ги преставија нивните искуства при подготовка на апликациите и при имплементацијата на проектите:

'JARDIN d' EUROPE — **Градина на Европа** ' на НВО Локомотива – Скопје и 'SEVEN GATES —**Седум порти** ' на НВО АММС – Скопје